17.08.2018

ГЖ-1713/17

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ, во совет составен од судиите: Лидија Мартинова, претседател на советот, Агим Мислими, член на советот, Димче Ивановски, Лазо Матовски и Санел Рамовиќ, судиите поротници, во правната работа на тужителот Комора на овластени архитекти и овластени инжинери од Скопје против тужениот Љубиша Јовановски од Куманово, за стекнување без основ, вредност на спорот 163.653,00 денари, одлучувајќи по жалбата на тужителот, изјавена преку полномошник Адвокатско друштво Трпевски & Гацева од Скопје, против пресудата на Основен суд Скопје II Скопје МАЛВП-2014/15 од 19.10.2016 година, по одржаната јавна расправа на 09.07.2018 година, а по советувањето и гласање на ден 13.07.2018 година ја донесе и ја јавно објави на ден 13.07.2018 година, следната

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 17.08.18г. | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 577/5 | 366/17г. | |

## П Р Е С У Д А

ЖАЛБАТА на тужителот, изјавена преку полномошник Адвокатско друштво Трпевски & Гацева од Скопје, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА.

ПРЕСУДАТА на Основен суд Скопје 2 Скопје МАЛВП-2014/15 од 19.10.2016 година, СЕ ПРЕИНАЧУВА и ПРЕСУДУВА:

Тужбеното барање на тужителот Комора на овластени архитекти и овластени инжинери од Скопје, ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот Љубиша Јовановски од Куманово да му плати на тужителот Комора на овластени архитекти и овластени инжинери од Скопје на име стекнување без основ износ од 163.653,00 денари, со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден на полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за 8 процентни поени сметано од денот на поднесување на тужбата-19.12.2013 година, до исплатата, во рок од 8 дена од приемот на оваа одлука, под страв на присилно исполнување.

Поголемото тужбено барање за законска затезна камата од пабараната од 06.03.2013 година до досудената 18.12.2013 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот да му ги надомести на тужителот трошоците по постапката и трошоците по жалбена постапка во вкупен износ од 67.364,00 денари, во рок од 8 дена од приемот на оваа одлука.

Поголемото барање за надомест на трошоци по постапката и по жалбена постапка и тоа за разликата од побаниот до досудениот износ, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Образложение

Основниот суд Скопје 2 Скопје со обжалената пресуда го одби како неосновано тужбеното барањена тужителот да се здаолжи тужениот да му плати на тужителот на име стекнување без основ износ од 163.653,00 денари, со законска казнена камата сметано од денот кога тужителот ги примил парите до исплатата, заедно со трошоци по постапката, во рок од 8 дена од денот на правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување. Задолжен е тужителот да му ги надомести на тужениот трошоците по постапката во вкупен износ од 54.600,00 денари, во рок од 8 дена од денот на правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

Незадоволен од првостепената пресудата останал тужителот, кој преку неговиот полномошник поднел навремена жалба со која ја побиваат истата поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се усвои, а побиваната пресуда да се преиначи согласно жалбените наводи или побиваната пресуда да се укине и предметот да се врати на повторно судење на истиот суд.

Одговор на жалба не е поднесен.

Апелациониот суд Скопје на нејавната седница одржана на ден 09.05.2018 година, согласно чл.351 ст.2 од ЗПП, најде дека заради утврдување на решителните факти е потребно пред второстепениот суд да се повторат веќе изведените докази, од кои причини закажа јавна расправа на ден 09.07.2018 година, повикувајќи ги полномошниците на тужителот и полномошникот на тужениот.

На 09.07.2018 година пред второстепениот суд се одржа јавната расправа во присуство на полномошниците на тужителите Гордана Гацева и Орце Трпевски од Адвокатско друштво Трпевски & Гацева од Скопје и тужениот лично со полномошникот Мирјана Стеваноска адвокат од Скопје.

Полномошникот на тужителот наведе дека веднаш по враќањето на овластеното лице од боледување било побарано од тужениот да го врати повеќе исплатениот износ, дека првостепениот суд го занемарил извршеното вештачење во постапката, дека тужениот знаел за неосновано повеќе исплатениот износ на средства, како и дека другите тројца членови доброволно го исплатиле повеќе исплатениот износ, поради што останува во целост при жалбата со предлог истата да се усвои, обжалената пресуда да се преиначи и тужбеното барање да се усвои во целост. Трошоци предјави по трошковник кој ќе го достави во рок од три дена.

Полномошник на тужениот во одговор наведе дека од страна на тужителот не е донесена одлука со која е определено да се вратат средствата, дека тужителот знаел и морал да знае дека исплаќа поголем паричен износ, па доколку сметал дека на тужениот не му припаѓа право на таков износ дека тие средства тужителот требало да ги бара од тогашниот Претседател на комората на архитекти, како и дека нема докази дека тројца други членови го вратиле повеќе исплатениот износ, па од сите наведени причини останува во целост при наводите на расправата пред второстепениот суд, со предлог жалбата да се одбие како неоснована, а обжалената пресуда да се потврди. Предјави трошоци кои ќе ги образложи со трошковник во рок од три дена.

На јавната расправа овој суд ги изведе доказите изведени на рочиштето за главната расправа пред првостепениот суд од 19.10.2016 година, па согласно чл.8 од ЗПП, ја утврди следната фактичка состојба:

Тужениот бил член на Комисијата за просторно и урбанистичко планирање при Комората на овластени архитекти и овластени инжињери на Република Македонија и како член на комората за периодот од месец декември 2008 до месец декември 2012 година бил ангажиран во работа на комисијата така што во тој период присуствувал на 31 состанок одржани во Комисијата за просторно и урбанистичко планирање, а со оглед да во рамките на работењето на комисијата во која тужениот бил ангажиран биле спроведувани активности за одржување на испити за добивање на овластување за урбанизам, тужениот учествувал и на 5 испити. Со одлука на Комората на овластени архитекти и овластени инжињери од 05.12.2018 година било определено дека надоместот за работа на членовите во Комисиите за решавање на барањата за доделување на овластувања за проектирање, надзор и ревизија на проекти од А и Б категорија да се исплаќа во висина од 1.500,00 денари по одржан состанок, што значи за 31 одржан состанок на тужениот му следувал надоместок од вкупно 46.500,00 денари и за одржани 5 исписти со додатната валоризација на трудот на тужениот дополнително му следувале уште 40.000,00 денари, или требало да му се исплати вкупен износ од 86.500,00 денари. Меѓутоа, на тужениот во периодот од декември 2008 година до декември 2012 година му биле исплатени вкупно 250.153,00 денари за учество на 31 состанок одржан од страна на Комората и за 5 испити, што е потврдено со Одлуката за повраток на средства бр.02-293/6 од 2011 година, детална анализа и пресметка извршена од страна на Комората од 01.02.2013 година, како и наодот и мислењето на вештото лице Томе Недевски и дополнението на истото, според кое на тужениот од страна на Комората на овластени архитекти и овластени инжинери на Македонија неосновано му биле исплатени средства во износ од 163.653,00 денари.

Во конкретниот случај по исплатата на средствата било утврдено дека поради превид на вработен кај тужителот била направена грешка при пресметките, а со тоа била направена грешка и при давањето на налозите за исплата извршени преку Македонската авторска агенција, поради што исплатата била извршена во несразмерен износ од износот кој требал да му биде исплатен на тужениот, кое нешто било подоцна утврдено, а произлегува и од наодот и мислењето на вешто лице, како и од детална анализа и пресметка од Комората.

Од исказите на тужителот и законскиот застапник на тужителот Димче Атанасовски произлегува дека странките биле во комуникација и подолго време преговарале за враќање на повеќе исплатените пари, од што произлегува дека тужениот знаел дека му се исплатени повеќе средства.

Врз вака утврдената фактичка состојба следуваше да се одлучи како во диспозитивот на оваа пресуда од следните причини:

Согласно чл.199 од Законот за облигациони односи, „Кога дел од имотот на едно лице премине на било кој начин во имотот на некое друго лице, а тоа преминување нема своја основа во некоја правна работа или во законот, стекнувачот е должен да го врати тој дел од имотот, ако тоа е можно, а инаку е должен да ја надомести вредноста на постигнатата корист. Под премин на имотот се подразбира и стекнување на корист со

извршено дејствие. Обврската за враќање, односно за надомест на вредноста настанува и кога нешто ќе се прими со оглед на основот што не се остварил или кој подоцна отпаднал.“

Согласно чл.200 од истиот Закон, „Тој што ќе изврши исплата знаејќи дека не е должен да плати, нема право да бара враќање, освен ако го задржал правото да бара враќање или ако платил за да ја избегне принудата.“

Во конкретниот случај со оглед да на тужителот му биле исплатени повеќе парични средствата отколку што требало да му биде исплатено за учество на 31 состанок во Комората и за 5 испити, поради превид на вработен кај тужителот без да се знае дека не постои обврска за ваква исплата, по оцена на овој суд, согласно погоре цитираниот член од 199 од ЗОО, тужениот е должен да изврши поврат на средствата кои се исплатени во поголем износ од одобрениот со актите на тужителот, а со кој износ тужениот се стекнал без основ, односно тужениот е должен да изврши поврат на неосновано примениот износ. Дотолку повеќе што од исказот на тужителот и законскиот застапник на тужителот произлегува дека странките биле во комуникација и предговарале подолго време за враќање на повеќе исплатените пари, од што произлегува дека тужениот знаел дека му се исплатени повеќе стредства, но спори дека тој има обврска да ги врати на тужителот вака исплатените средства.

Поради погоре наведените причини следуваше овој суд согласно чл.361 ст.1 т.4 од ЗПП обжалената пресуда да ја преиначи на начин што тужбеното барање на тужителот го усвои и го задолжи тужениот да му плати на тужителот на име стекнување без основ износ од 163.653,00 денари, со законска казнена камата сметано од денот на поднесување на тужбата - 19.12.2013 година, до исплатата, како во изреката на оваа пресуда. При тоа според содржината на доказите произлегува дека при повеќе исплатениот износ не постои несовесност на страна на тужниот, поради што согласно чл.203 в.в. со чл.266 од ЗОО тужениот е должен на досудениот износ на име стекнување без основ да плати законска затезна камата од поднесување на тужбата, а не од денот кога тужениот ги примил парите како што бара тужителот. Поради наведеното следуваше поголемото тужбено барање за законска затезна камата од пабараната од 06.03.2013 година до досудената 18.12.2013 година, да се одбие како неосновано.

Со оглед да се преиначи првостепената пресуда следуваше овој суд согласно чл.160 в.в. со чл.148 од ЗПП да ја преиначи и одлуката за трошоци по постапката на начин што го задолжи тужениот да му ги надомести на тужителот трошоците по постапката во вкупен износ од 67.364,00 денари, а кои се однесуваат за состав на тужба зголемено за 18% ДДВ износ од 4.602,00 денари, за состав на полномошно зголемено за 18% ДДВ износ од 1.534,00 денари, за застапување на 6 рочиштата и тоа од 13.02.2014 г., 27.03.2014 г., 19.06.2014 г., 25.09.2014 г., 15.03.2016 г. и 19.10.2016 г., зголемено за 18% ДДВ износ од по 5.522,00 денари за секое рочиште или вкупно 33.132,00 денари, и по нов АТ на РМ за застапување пред второстепен суд на рочиштето на 09.07.2018 г. зголемено за 18% ДДВ износ од 7.800,00 денари, за вештачења износ од 4.000,00 денари, за судска такса за тужба износ од 3.273,00 денари, за судска такса за одлука износ од 3.273,00 денари, за состав на жалба зголемено за 18% ДДВ износ од 9.750,00 денари.

Поголемото барање за надомест на трошоци по постапката за разликата од побараниот до досудениот износ со оваа одлука овој суд го одби како неосновано од причина што на тужителот не му следува надомест на трошоци за состав на трошковник

бидејќи во новиот АТ на РМ (Сл.весник на РМ бр.126 од 08.07.2016 г., а кој се применува од 01.07.2016 г.) не е предвиден таков надоместок. На тужителот не му следува надомест на трошоци за застапување на рочиштето од 18.06.2018 година затоа што истото било одложено поради отсуство на судечкиот судија, а не по вина на тужениот, како и не му следува надомест на трошоци за застапување на рочиштето од 13.07.2018 година бидејќи се работи за рочиште за објава на одлука, кое превземено дејствие во постапката не преставува нужен трошок во смисла на чл.149 од ЗПП.

Врз основа на сето погоре наведено, следуваше да се одлучи како во изреката на пресудата, согласно чл.361 ст.1 т.4 од ЗПП.

Апелационен суд Скопје ГЖ- 1714/17 од 09.07.2017 година.

Претседател на совет-судија
Лидија Мартинова с.р.

Република Македонија Апелационен суд Скопје

Точноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник